# Културни Манифестации

Во секоја земја секоја генерација преземала нешто од претходните и не пропуштала ниту еден важен дел, надградувајќи го постоечкото со уште подобро.

# Културни Манифестации

Така се создава културата на секоја земја, со негување и надградба на секое добро од различните сфери на живеењето.

# Културни Манифестации

**Културата не е привилегија на малкумина, туку заедничко добро за сите граѓани.**

# Културни Манифестации

Токму поради тоа се организираат разни културни настани, културни збиднувања на кои учествуваат голем број национални институции, ансамбли, културно-уметнички друштва и еминентни уметници, со цел програмите од национален интерес да станат достапни до сите македонски граѓани.

# Културни Манифестации

Вреднувањето на еден културен настан или уметничко
дело претпоставувa изграден однос кон него, осознавање
на неговите вредности, анализа и вреднување на неговата структура, разбирање и восприемање и дијалог со неговиот говор, форма и содржина .

# Културни Манифестации

Во сите региони и населени места во Македонија се организираат манифестации кои покрај културни содржини, вклучуваат и настани од спортски, хуманитарен и забавен карактер.

# Културни Манифестации

Со цел да се задоволат културните потреби и барања на различните социјални, културни и етнички групи, понудените културни проекти обезбедуваат различност.

# Културни Манифестации

Покрај разновидноста на понудената програмска содржина, најважен критериум за организаторите при изборот на учесниците, несомнено, е квалитетот и естетската вредност на понудените содржини.

# Културни Манифестации

Неколку меѓународни културни настани и фестивали
се одржуваат секоја година -
-Охридско лето,
-Балканскифолклорен фестивал,
-Струшки вечери на поезијата,
-Галичка свадба и други.

# Културни Манифестации

## Задача за домашна работа:

-На каков културен настан би сакале да присуствувате? Опишете го карактерот на настанот и наведете го името на настанот.

спортски, музички, хуманитарен и забавен карактер.

Линкови за можен избор на настан:

https://mk.wikipedia.org/wiki/Категорија:Културни_манифестации_во_Македонија

https://macedonia-timeless.com/mac/isplanirajtegosvoetopatuvanje/korisn iinformacii/nastanimanifestacii/

Наст.Мкрстевска